Здружение за безбедност при работа „28-ми Април"

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

Република Северна Македониј...
Republika e Maqedonisë së Veri...
Министерство за труд и социјална полит...
Ministria e Punës dhe Politikës Soc...
Скопје - Shkup

| Примено Pranuar: | 29-12-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вре... V... |
| | | | |


До

**Влада на Република Северна Македонија**

**Копија до**

**Министерство за труд и социјална политика**

**Министер за труд и социјална политика**

**Дата:** 26.12.2022 г.

**Предмет:** Доставување на предлог нов член во Советот за БЗР од Стручните Здруженија на стручни лица за безбедност и здравје при работа

Почитувани,

Согласно член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа Владата на Република Македонија основа Совет за безбедност и здравје при работа како експертско советодавно тело. Овој совет е формиран уште во 2010 година. Согласно член 44 од истиот закон во советот покрај другите членови партиципираат и стручните лица за безбедност при работа преку еден член кој е претставник на здружението на стручни лица за безбедност при работа.

На почетокот на 2023 година изминува периодот од 2 (две) години, во кој со Допис од трите Здруженија ( ЗЗПР на општина Биотла, Битола, ЗБР 28 Април, Скопје и ЗИЗ Тутела, Скопје) доставен до Владата на РСМ и МТСП на ден 19.02.2020 година, како консензуален претставник на трите Здруженија беше предложен, а со Решение на Владата на РСМ ( Сл.Весник на РСМ 73/2021 ) назначен М-р Борче Стојчевски, стручно лице за безбедност при работа од Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје.

Со цел продолжување на праксата на секои 2(две) години, член на Советот да биде претставник од различно Здружение, вклучувајќи ги и претходниот и актуелниот

претставник во Советот, предлог што го утврдивме трите Здруженија кои заедно во моментов ги обединуваат најголемиот број на Стручни лица за безбедност при работа, како наш консензуален претставник за наредните 2 (две) години го предлагаме **М-р Благоја Богоевски** – стручно лице за безбедност при работа од Здружението за безбедност при работа 28 АПРИЛ, Скопје.

Се надеваме дека и овој пат, ќе го земете во предвид барањето на трите Здруженија и ќе се пристапи кон постапка на смена на актуелниот член на стручните Здруженија во Советот за БЗР.

Со искрена желба за успешна соработка, во интерес на БЗР

**Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( Предраг Зариќ)**

**Здружение за безбедност при работа 28 Април, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Благоја Богоевски )**

**Здружение на инженери за зштита ТУТЕЛА, Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**( М-р Дејан Ангеловски)**